*Оливер БАКРЕСКИ*

**УДК: 355.45-049.6(494)**
Изворен научен труд

# ПОЛИТИКА НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА ШВАЈЦАРИЈА

**_Кратка содржина_**

*Политиката на национална безбедност на Швајцарија се заснова на спецификите на швајцарската држава и се одлиува со голема сложеност и комплексност. Оттука, проучувањето на безбедносната политика треба да се заснова на нејзино целосно разбирање и темелно согледување на состојбите за да нема импровизација и парцијализам. Ова значи дека безбедносната политика треба да биде рационално фундирана и да ги синтетизира напорите на сите безбедносни актери за да го обезбеди потребното ниво на безбедност, за општеството, за нацијата, за граѓаните. Генерално, променетата природа на безбедносните ризици и закани ја услови потребатадефинирање на безбедносната политика на Швајцарија, но наметна и усвојување нови пристапи за безбедноста. Прифаќајќи ја ваквата реалност, Швајцарија мора да се приспособи на новите околности заради заштита на националните интереси и политиката на неутралност. Адаптирањето на безбедносниот систем во новата безбедносна средина треба да биде израз и резултат на евидентна генерална сеопфатна инклузија на сите субјекти што се оспособени за спроведување на безбедносната политика.*

***Клучни зборови:*** *ШВАЈЦАРИЈА, БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ*

## 1. Воведни напомени

Швајцарија е повеќенационална, повеќејазична, верски и економски сложена заедница, а се состои од четири главни јазични и културни подрачја: германски, француски, италијански и ретороманскиc (Radosavljević, 2011, 102). Иако повеќето жители зборуваат германски јазик, швајцарскиот национален идентитет ги влече своите корени од заедничка историска заднина, споделувајќи ги вредностите како што се федерализмот и непосредната демократија и алпскиот симболизам. На монетите и на поштенските марки се користи латински назив (Helvetia, како што земјата била наречена во античко време, но дури и денес со симболично значење) наместо четирите главни говорни јазици. Бројот на население во јули 2018 година изнесувал 8.292,809 милиони жители, со просечна густина на населеност од околу 195 жители на км$^2$. По етнички

групи во 2017 година се изјасналe како Швајцарци 70,3 %, Германци – 4,2 %, Италијанци – 3,2,%, Португалци – 2,6 %, Французи – 2 %, Косовци – 1 % и други – 18,7% (*Discover Switzerland, Geography*, 2017), а во Швајцарија во 2016 година се говори претежно на германски (или швајцарски германски – официјален јазик) – 62,8 %, француски (официјален) – 22,9 %, италијански (официјален) – 8,2 %, англиски – 5,1 %, португалски – 3,7 %, албански – 3,1 %, српскохрватски – 2,4 %, шпански – 2,3 %, реторомански (официјален) – 0,5 % и други – 7,5% (*The World Factbook: Switzerland*, 2019; Clarke&White, 1989).

Швајцарија е една од најразвиените земји во светот, со највисоко номинално богатство по возрасен и има осми најголем бруто домашен производ во светот според Меѓународниот монетарен фонд. Швајцарија е на врвот или меѓу првите десет земји во неколку показатели на национални перформанси, вклучувајќи ги транспарентноста на владата, граѓанските слободи, квалитетот на животот, економската конкурентност и човечкиот развој. Бруто домашниот производ на земјата за 2017 година изнесувал 523.1 милијарди долари.[1] БДП по глава на жител за 2017 година изнесувал 62,100 $ и се пресметува, односно го прикажува БДП врз основа на паритет на куповната моќ поделен со населението во истата година. Интересно е да се напомне дека буџетот на Швајцарија (кој вклучува приходи, расходи и капитални расходи) во 2017 година изнесувал 242.1 милијарда долари. За воените трошоци на земјата во 2017 година се издвојувале 0,68 % од БДП (Ibid.).

Швајцарија се граничи со пет држави, и тоа: со Австрија на север (должина на границата од 158 км), со Франција на запад (525 km), со Италија на југ (698 km), со Лихтенштајн на исток (41 km) и со Германија на север (348 km). Вкупната должина на границата изнесува околу 1.770 км. Простирајќи се преку северните и јужните падини на Алпите во Западна и во Централна Европа, Швајцарија е опкружена со различни пејзажи и клима на површина од 41.285 km$^2$. Јужниот дел на земјата, кој се одликува со поголем плански предел, е прилично помалку населен од северот на земјата. Меѓу високите долини на швајцарските Алпи, се пронајдени многу глечери, со вкупна површина од 1.063 км$^2$. Од нив извираат неколку поголеми реки, како што се Рајна, Ин, Тичино и Рона, кои течат во четири главни правци низ Европа. Хидрографската мрежа

[1] Овој запис го дава бруто домашниот производ (БДП) или вредноста на сите финални стоки и услуги произведени во една нација во дадена година. БДП на нацијата по паритет на куповната моќ е сума и вредноста на сите стоки и услуги произведени во земјата кои се вреднуваат по цени што преовладуваат во САД во забележаната година. Ова е мерката што повеќето економисти ја претпочитаат кога гледаат во благосостојба по глава на жител и кога ги споредуваат условите за живеење или употребата на ресурсите низ земјите. Види: Ibid.

вклучува некои од најголемите слатководни површини во Централна и во Западна Европа, меѓу кои се Женевското Езеро, езерото Боденско и Маџоре Езеро. Швајцарија има над 1.500 езера и содржи 6 % од европската слатка вода. Најголемото езеро е Женевското и се наоѓа во западниот дел на Швајцарија и ја дели територијата со Франција. Рона е најважната притока на Женевското Езеро (*Discover Switzerland, Geography*, 2017). Ваквиот колоритен пејзаж ја прави земјата позната туристичка дестинација со своите скијачки центри и пешачки патеки. Банкарството и финансирањето се клучни индустрии, а швајцарските часовници и чоколадата се светски познати (*Switzerland – Country Profile*, 2019).

Во Швајцарија се наоѓаат многубројни меѓународни канцеларии, почнувајќи уште од 1830 година кога во Женева се воспоставуваат миро-љубиви заедници, кои организираат меѓународни конгреси од 1848 година. Мировна канцеларија била отворена во Берн во 1891 година во која учествувале значајни личности со силно влијание врз европските политики во тоа време. Исто така, во Швајцарија е седиштето на Црвениот крст кое е формирано од основачот на Црвениот крст, Анри Динан (Henri Dunant). Во основа, Швајцарија е членка на повеќе меѓународни организации, како што се: ADB (нерегионален член), AfDB (нерегионален член), Australia Group, BIS, CD, CE, CERN, EAPC, EBRD, EFTA, EITI (земја за имплементација), ESA, FAO, FATF, G-10, IADB, IAEA, IBRD, ICAO, ICC (национален совет), ICCt, ICRM, IDA, IEA, IFAD, IFC, IFRCS, IGAD (партнери), ILO, IMF, IMO, IMSO, Interpol, IOC, IOM, IPU, ISO, ITSO, ITU, ITUC (NGOs), LAIA (набљудувач), MIGA, MINUSMA, MONUSCO, NEA, NSG, OAS(набљудувач), OECD, OIF, OPCW, OSCE, Pacific Alliance (набљудувач), Paris Club, PCA, PFP, Schengen Convention, UN, UNCTAD, UNESCO, UNHCR, UNIDO, UNITAR, UNMISS, UNMOGIP, UNRWA, UNTSO, UNWTO, UPU, WCO, WHO, WIPO, WMO, WTO, ZC *(The World Factbook CIA: Switzerland, 2019).*

## 2. Културни и историски специфики

Кога кралот Рудолф од Хабсбург, првиот германски император од оваа династија, умрел во 1291 година, луѓето од Ури, Швајц и Унтервалден стравувале дека Хабсбурзите се обиделе да добијат влијание на нивните територии. Затоа, се заколнале дека ќе си помагаат меѓусебно против секој што ќе се обидува да ги покори. Договорот во 1291 година за воспоставување на оваа конфедерација на сојузи на германски се нарекува *Бундесбриф* (Bundesbrief) и се преведува како „Федерална повелба", што укажува на тоа дека карактерот на овој сојуз е веќе посериозен и траен. Овие кантони биле формално дел од Германското Царство. Целта на формирањето, слично на грчките конфедерални креации, била воено-дефанзивна, бидејќи Хабсбуршката династија претставувала

суптилна закана за овие територии. Овој сојуз ја одиграл својата улога во справувањето со Хабсбуршката династија и Светото Римско Царство во текот на XIV век со што Швајцарската конфедерација ја обезбедила својата независност од Светото Римско Царство во 1499 година. Во наредните години, реформацијата во Швајцарија ја поделила земјата во два дела: прогресивните градови како што се Цирих, Базел, Берн, Невшател, Женева (Zurich, Basel, Berne, Neuchâtel, Geneva) се свртиле кон новата исповед, додека конзервативните, рурални области во централна Швајцарија (вклучувајќи го и Луцерн) останале католички. Кога папата започнал внатрешна реформа за да добие повторно влијание, Луцерн со задоволство ја прифатил оваа можност и ја повикал Језуитската наредба да ги организира своите училишта според овој концепт. Швајцарија, по неколку битки, на 24 октомври 1648 година, освоила независност од Римско-германското Царство и изградила традиција на неутралност. Како таков систем на уредување во Швајцарија постоел сè до започнувањето на ерата на Наполеон Бонапарта. За време на владеењето на Наполеон Бонапарта (1798 – 1803 година), тогашното име на Швајцарија било насловено како Хелветичка Република. Инспирирани од Француската револуција, либералите во западна Швајцарија се спротивставиле на недемократското владеење на старите членови на Швајцарската конфедерација во другите делови на земјата и повикале на поддршка на Франција во 1798 година. Војниците на Наполеон Бонапарта ја окупирале Швајцарија и воделе централна влада. Но, наскоро (1803 година) бил должен да воспостави некои федерални елементи. По Наполеоновите војни 1803 – 1815 година, се развил концептот за пацифизам (латински: *pacificus* – сакање на мирот) како идеалистичко мировно движење мотивирано од религијата и етиката, со отфрлање каква било употреба на сила, дури и во форма на мерки за чување на мирот од страна на армијата или во случаи на дефанзивна војна. Откако Наполеон бил поразен во Русија и во Ватерло, Швајцарија се вратила на екстремно федерални структури во 1815 година. Сепак, кантоните (федерални држави) Св. Гален, Грабунден, Аргау, Тургау, Тичино, Вауд, Вале, Новшател и Женева (St Gallen, Graubünden, Aargau, Thurgau, Ticino, Vaud, Valais, Neuchâtel и Geneva) станале полноправни и слободни членови на конфедерацијата наместо нивниот поранешен статус на делумни членови или дури и предметни територии (*A Short Paragraph of the History of Switzerland*, 2010).

Во 1815 година, по Виенскиот конгрес, Швајцарија ја добила својата физиономија со 22 кантони со конфедерално уредување. Од 1815 година до 1848 година, либералите и конзервативците дебатирале за структурата на Швајцарија по Француската револуција. Во секој кантон имало либерали, како и конзервативци. Мнозинството на едната или на другата страна претежно било прилично мало, така што владите се ме-

нувале одвреме-навреме во многу кантони. Кога кантоните со конзервативни влади направиле таен договор со Австрија против либералите во 1846 година, била неизбежна граѓанска војна („Sonderbundskrieg"). Сепак, благодарение на Анри Дафор, генерал на либералните војници, оваа војна траела само неколку дена и во неа имало 86 мртви и околу 500 ранети војници. По ова, патот бил слободен за нов политички систем и „лабавата конфедерација", речиси без заеднички структури, била заменета со конфедерација од 25 кантони (денес 26), релативно автономни кантони (федерални држави) со присилни централни структури по моделот на САД. Новите принципи биле наведени во Уставот на Федерална Швајцарија од 1848 година[2] – и во основа сѐ уште важечки и покрај направените две „вкупно ревизии" во 1874 година и во 1999 година, а се однесувале на: изјава за граѓански права; нова федерална структура со централни и кантонски парламенти и влади; Национален парламент со два дома: Nationalrat (Куќа на претставници според бројот на населението) и Ständerat (по двајца делегати од секој кантон); федерална одговорност за надворешни работи и јавни услуги со повеќе од регионално значење (валута, царина, пошта и телекомуникации); федерален суд на правдата; и кантоналната автономија останала неоспорна во широките сектори на администрацијата (образование, болници, полиција, правда итн.) (*History of Switzerland: Federal Constitution* 1848, 2010; Steiner, 1971).

Значи, од 1848 година до 1874 година, биле развиени некои инструменти уникатни за швајцарската форма на т.н. *директна демократија* со чести референдуми за многу работи (неколку годишно) и можност за барање граѓаните да го променат уставот со собирање потписи. Повторно било претерано реагирањето на конзервативните претставници и особено на Католичката црква, што довело до некои ограничувања за влијанието на Црквата и неопходното мнозинство во јавното мислење за ревидираниот устав.

Конституционалноста од 1848 година, подоцна изменета во 1874 година, ја заменила конфедерацијата со централизирана федерална влада. По иницијатива на Андри Динан, во 1864 година бил основан Црвениот крст во Женева. Интеграцијата на католиците во новата конфедерација следувал во 1891 година по изборот на првиот католик во Федералниот совет. Во 1920 година, Швајцарија станала членка на Лигата на народите. Народната палата во Женева, изградена помеѓу 1929 година и 1938 година, била седиште на Друштвото на народите. Денес, таа служи како европско седиште на Обединетите нации. За време на Прва-

[2] Во 1848 година бил донесен нов Устав според кој било забрането какво било делење, односно формирање на сојузите, а Швајцарија станала модерна конфедерација, а автономијата на кантоните била укината со Уставот во 1848 година. Берн станал седиште на парламентот.

та светска војна, Швајцарија била „изолирана" од светот, бидејќи сите соседни земји учествувале во војната. За време на војната имало тензии меѓу населението: тие што го говореле швајцарскиот германски јазик биле на страната на Германија, францускиот швајцарски, од друга страна, бил на страната на Франција. Првпат бил избран генерал за безбедност на швајцарската граница. Недостигот од храна, немањето пари и другите проблеми во Швајцарија ги почуствувале и бегалците од соседните земји. За време на Втората светска војна, Германците направиле детален план за инвазија на Швајцарија, но нападот никогаш не се случил. Швајцарија успеала да остане неутрална благодарение на економските отстапки за Германија и среќа што големите настани за време на војната ја одложиле инвазијата. Обидот на една мала нацистичка партија во Швајцарија за предизвикување на обединувањето со Германија не успеал. Масовната мобилизација била спроведена под водство на генералот Андриј Гизан. Швајцарија доживеала бран на индустријализација и изградба на железничка пруга. Швајцарците, во 1971 година, им одобриле на жените право на глас, а на 1 јануари 1979 година кантонот Јура, по неколку демонстрации на своето население, добил независност од кантонот Берн. Така, кантонот Јура станал најмладиот кантон во Швајцарија (*A Short Paragraph of the History of Switzerland*, 2010).

## 3. Институции задолжени за креирање на безбедносната политика

Политичкиот систем на Швајцарија е карактеристичен според децентрализираноста и директната демократија. Мултилингвалната држава најчесто е водена од широка коалиција во која се вклучени членови од четирите најголеми политички партии кои се застапени во парламентот.

Швајцарија е организирана на три територијално-политички нивоа: на ниво на федерална држава, на ниво на кантонот и на општинско ниво. Организацијата на власта на федерално ниво е определена од Федералниот устав. Највисокото законодавно тело е Федералното собрание (Bundesversammlung), кое се состои од два дома: Националниот совет (Nationalrat), или Долниот дом, кој ги претставува сите граѓани на Швајцарија и се избира по изборни единици (секој кантон е една изборна единица, а бројот на претставници од секоја изборна едница зависи од бројот на жители во секој кантон, односно еден претставник се избира на 28.000 жители), и од Кантоналниот (државниот) совет (Ständerat), или Горниот дом, кој се состои од 46 членови и во кој кантоните испраќаат по двајца свои претставници.[3] Секој кантон има по двајца претставници, а секој полукантон по еден.

[3] "Bundesvervassung der Schweizerischen Eidgenossenschaft", член 39/2.

Федералната влада (Бундесрат) заедно со Федералната канцеларија (Bundeskanzlei), која е администрација на Федералната влада, е раководена од сојузниот канцелар.[4] Сојузниот канцелар воедно е и претседател на Швајцарската конфедерација, кого на таа должност го именува Федералното собрание од редовите на Федералната влада на една година. По истекот на мандатот, не може веднаш да биде избран за претседател, туку на тоа место доаѓа друг член на Федералната влада (Radosavljević, 2011, 103-112). Федералната влада се состои од седуммина членови кои ги избира Федералното собрание на секоја прва седница по општите избори за Националниот совет, односно за четири години. Членовите на Сојузната влада не се ограничени само на можноста за повторен избор, и тие остануваат на власт подолго време (10 години во просек), а по четиригодишни избори, составот на Федералната влада речиси никогаш не се менува целосно, но обично се менува од еден до тројца министри. Член на владата не може истовремено да врши и друга јавна функција, па затоа не може да биде член на Федералното собрание. Сојузната влада е коалициска формација составена од двајца членови на трите владејачки партии и една од некои од останатите помали партии и е последица на вистинскиот однос на силите на политичката сцена на земјата (Steiner, 1971, 75-120).

Кантоналното ниво на владеење е определено од самите нејзини устави. Федералниот устав ја дефинира Швајцарија како федерална држава составена од 26 кантони[5] со далекусежна автономија. Од Вестфалскиот мир (1648 година), па сѐ до основањето на Федерална Швајцарија (1848 година), секој кантон бил наполно суверена држава со своја царина, војска и валута. Најнов кантон е Јура, кој се одделил од Берн во 1979 година.

Денес, во секоја област на државна активност федералното законодавство се обидува да воспостави минимален износ на национален стандард, од една страна, додека остава респектабилна можност на самоопределување кон кантоните и комуните, од другата страна. Мнозинството од електоратот го потврдува овој основен принцип на швајцарската политика одново и одново – со отфрлање на централистичките закони и прифаќање на федералните закони на референдумите (*Switzerland's Political System and Government*, 2019). Со цел кантонскиот устав да стапи во сила, мора да биде одобрен од Федералното собрание и ќе го

---

[4] Во швајцарскиот уставен систем, сојузниот канцелар не е премиер, како на пример во германскиот уставен систем. Тука, сојузниот канцелар е управуван од федералната администрација и неговата функција, главно, е од административна природа.

[5] Поимот „кантон“ (германски: *Kantone*, француски: *cantons*, италијански: *cantoni*, реторомански: *chantuns*) е од француско потекло и значи „агол“ или „околија“.

стори тоа ако кантонскиот устав исполнува два основни услови: ако не е во спротивност со Федералниот устав и сојузните закони и ако граѓаните на кантонот го одобрат на референдум. Најчесто, највисоката извршна власт и политички авторитет е кантоналната администрација (Владин совет) (*The Federal Council*, 2018). Начинот на кој се избира кантонскиот Совет варира од кантони до кантони, пропорциите се доминантни, иако понекогаш се спроведуваат мнозинските избори. Секој кантон има извршно тело, кое најчесто се нарекува Управен совет (Regierungsrat), во кое граѓаните се избираат директно во сите канотни. Постојат разлики во организацијата на судовите на кантонално ниво. Судиите ги избираат граѓаните, а некаде кантонскиот парламент.

**4. Политика на национална безбедност**

Својата безбедносна политика Швајцарија ја темели на неутралноста, а неутралноста значи да не се зазема страна во војна. Одлучувачките фактори што ја детерминираат швајцарската политика на неутралност се водени од националниот интерес, од правото за неутралност, од меѓународната ситуација, како и од традицијата и од историјата. Овој став секогаш бил флексибилно приспособен на околностите и се применувал според интересите на земјата, односно историјата не само што ја научила Швајцарија како да ги спречи надворешните конфликти, туку, исто така, ја научила за важноста на активната солидарност, до светскиот ангажман на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и воспоставување канцеларии на дипломатијата (*Swiss Security Policy*, 2018).

Во Швајцарија, земја со неколку култури, јазици и религии, неутралноста секогаш служи за да се гарантира внатрешната кохезија, при што принципот на неутралност, исто така, се применувал и за релативизирање на конфликти во конфедерацијата. На пример, промена на неутралноста на активната надворешна политика во XVI век (верски конфликти) би довела до неподносливи тензии. Во XIX и во XX век, обвинувањето со Германија или со Франција би ја предизвикало и втурнало конфедерацијата во национална криза. Оттука, без надворешна неутралност, внатрешната кохезија би била незамислива (Ibid.).

Денес, швајцарската безбедносна политика е насочена кон зачувување на неутралноста, на слободата на дејствување, самоопределување и интегритет на Швајцарија и нејзините жители, заштита на нивните витални ресурси од директни и индиректни закани и опасности и придонес кон мирот и стабилноста надвор од границите (*Switzerland's Political System and Government*, 2019). Инструментите за спроведување на швајцарската безбедносна политика ја вклучуваат нејзината надворешна политика, вооружените сили, системот на цивилна заштита, нејзината разузнавачка служба и полицијата, нејзината економска политика, царин-

ската администрација и цивилната служба. Сите овие ентитети помагаат да се спречат, да се одвратат и да се надминат заканите и опасностите кон Швајцарија (*Swiss Security Policy*, DDPS, n.d.).

Во согласност со Воената доктрина од 2017 година, која се базираше на Извештајот за безбедносна политика во 2016 година, Швајцарија ја зема предвид директната воена закана, но, сепак, верува дека денес потенцијалните закани за неа вклучуваат: шпионажа, сајбер-напади, операции за надворешно влијание и саботажа, како и активности на недржавните групи. При вакви процени, швајцарската влада планира да ја намали големината на своите вооружени сили по мобилизацијата за 40 % (до 100.000 илјади луѓе), што ја одразува процената дека во системот базиран на повикот на милицијата нема секогаш да има персонал за активна служба во време на конфликт. Сепак, овие помали сили треба да користат дополнително оружје. Овој план за развој на вооружените сили бил одобрен во март 2016 година и го нагласува подобрувањето на борбената готовност, обуката и вооружувањето. Швајцарскиот пристап се движи кон пофлексибилен модел, во кој различни единици ќе бидат повикани за активна услуга постепено и во различни периоди (*Swiss Security Policy*, 2018).

Швајцарската безбедносна политика главен фокус става на сајбер-нападите. Како што е и наведено во Националната стратегија на Швајцарија за заштита од сајбер ризици 2018, сеопфатната дигитална поврзаност веќе е карактеристика на швајцарското општество, економија и држава, а брзиот технолошки напредок ќе продолжи да го движи овој развој. Овој процес отвора големи можности, а Швајцарија е подготвена да ги искористи за да ја обезбеди и прошири социјалната помош во земјата за подолг временски период. Сепак, во Стратегијата е наведено дека мора да се има предвид фактот дека дигитализацијата не носи само можности, туку, исто така, и ризици поврзани со зголемена зависност од информации и комуникација што ја прави земјата поподложна на дефекти, нарушувања и злоупотреба на овие технологии (*Switzerland's Security 2017 Situation Report of the Federal Intelligence Service FIS*, 2017). Колку е релевантна оваа ранливост може да се види во однос на развојот на заканите во сајбер-просторот. Нестабилен компјутерски криминал, акумулација на шпионски активности со помош на сајбер-напади, случаи на сајбер-саботажа против критичните инфраструктури како што се болниците и снабдувачите на енергија, ширењето на украдени или манипулирани информации за целите на дезинформација и пропаганда, како и зголемување на хибридните форми на конфликт во кој сајбер-нападите се користат за да се дестабилизираат државите и општествата се закани што бараат дополнително објаснување за тоа колку се различни овие закани и колку брзо тие се развиваат. Комбинацијата на зголемената зависност од функционирањето на ИТ и зголемената закана зна-

чи дека ризиците што произлегуваат од тоа, што ги нарекуваме сајбер-ризици, нужно мора да бидат земени предвид во развојот на дигиталното општество. Од гледна точка на безбедноста, треба да се преземат мерки за заштита на независноста и безбедноста на земјата од појава или интензивирање на закани и опасности во сајбер-просторот. Од гледна точка на економската и социјалната политика, Швајцарија мора да се заштити од сајбер-ризиците за да биде способна да води конзистентна употреба на можностите што ги нуди дигитализацијата и да ја задржат својата локациска предност како безбедна земја. Сепак, целосна заштита од Сајбер-ризиците не може да се постигнат со пропорционални мерки. Затоа, Швајцарија мора да ја зголеми својата еластичност на сајбер-инциденти (*National strategy for the protection of Switzerland against cyber risks*, 2018, 2-7).

Покрај заканите од сајбер-ризиците, глобалната стратегија на Швајцарија опфаќа и широк спектар на ефективни инструменти за борба против тероризмот и финансирање на тероризмот, организираниот криминал и перењето пари. Во врска со спречувањето и борбата против тероризмот, Швајцарија развива ефективно законодавство кое се заснова на брза соработка во сферата на меѓусебна соработка и правна помош во кривични предмети, особено за целта на блокирање на средствата. Исто така, воведе федерален закон за распределба на конфискувани средства (LVPC), кој ја утврдува постапката за делење на тие средства меѓу Швајцарија и странски држави (*Profiles on Counter-Terrorist Capacity Switzerland*, 2014, 1-3).

За Швајцарија е охрабрувачки и зајакнувањето на меѓународната и на меѓуинституционалната соработка и координација, поддршка на глобални или регионални иницијативи и настани поврзани со гонењето (доведување терористи пред лицето на правдата), истрага (специјални истражувачки техники) и финансирање на тероризам (*Swiss Security Policy*, DDPS, n.d.).

Во остварување на безбедносната политика во Швајцарија, соодветно место му припаѓа на Секторот за безбедносна политика при Федералното министерство за одбрана, цивилна заштита и спорт (The Federal Department of Defence, Civil Protection and Sport - DDPS). Во негови рами, Секторот за безбедносна политика има одредени ингирерни надлежности, и тоа: а) раководи со политички чувствителни проекти како што се изработката на извештајот за безбедносната политика и извештаите до парламентот за постигнување на целите од страна на вооружените сили; б) се обидува да осигури дека во своите проекти, набавки и мисии, вооружените сили ги земаат предвид политичките директиви на претпоставените; в) ги претставува интересите на вооружените сили на меѓуресорско ниво во однос на извозот на воени материјали, воена и цивилна мировна промоција, но, исто така, и во изготвување извештаи

за надворешната или интегративната политика на Швајцарија; г) овозможува контакт за прашањата на безбедносната политика, не само во рамките на Секторот, туку и однадвор, на пример, за здруженија и универзитети и ја поттикнува јавната дебата за безбедносната политика итн (*Swiss Security Policy*, DDPS, n.d.).

**Заклучок**

Безбедносната политика на Швајцарија се фокусира на реализирање на фундаменталните интереси во државата. Нема сомневање дека безбедносната политика има специфично место со оглед на тоа дека таа е една од најзначајните безбедносни парадигми што ги создава потребните претпоставки за прогресивен развој во безбедносната сфера. Несомнено таа придонесува за обликување на мерки од безбедносен карактер, во обезбедување на потребната политичка неутралност, а чиешто дејствување ќе биде во уставно дозволената рамка. Тоа истовремено овозможува политичките идеали да прераснат во политичка безбедносна доктрина со која ќе се настојува да се продуцира оптимален концепт и стратегија на постапки заради остварување на поставените цели.

Ефикасна безбедносна политика може да постои само ако е втемелена врз основа на научни сознанија. Тоа претставува супстрат во обликување на нејзината рамка на филозофија и служи како глобална основа за децидно утврдување на обврските на сите потсистеми во општеството кога е во прашање назначената проблематика (економски, социјални, еколошки, политички итн.).

Политиката за национална безбедност на Швајцарија претставува значајна рамка преку која земјата обезбедува безбедност за државата и за нејзините граѓани и, вообичаено, се презентира како еден интегриран документ. Овој документ ги синтетизира општите заложби за поголема безбедност, но, исто така, таа и ги зацртува клучните интереси на нацијата и ги дефинира начините за решавање на актуелните и на потенцијалните закани за безбедноста на државата.

**Литература**


Clarke, M. and White, B. (ed.) (1989). *Understanding Foreign Policy: The Foreign Policy Systems Approach*. London: Edward Elgar, 1989

Deutsch, K. W. (1976). *Die Schweiz als ein paradigmatischer Fall politischer integration.* Bern: Verlag Paul Haupt.

Federal Intelligence Service Swiss Confederation (2017). *Switzerland's Security 2017 Situation Report of the Federal Intelligence Service FIS.*

Hilsman, R. (1993). *The Politics of Policy Making in Defense and Foreign Affairs.* Englewood Cliffs: Prentice Hall.

Lieber, R. (1972). *Theory and World Polities*. Cambridge, Mass: Winthrop Publishers.

Maddex, L. R. (1996). *Constitutions of the World*. London: Routledge.

Mangold, P. (1990). *National Security and International Relations*. London and New York: Routledge.

Matthew, A. R. (2002). *Dichotomy of Power, Nation versus State in World Politics*. Lanham: Lexington Books.

National strategy for the protection of Switzerland against cyber risks (NCS) 2018-2022

Ostojić, D. (2003). *Drźave sveta 2003*. Beograd: No Limit Books.

*Parliamentary Oversight of the Security Sector-Principles, mechanisms and practices* (2003). Inter-Parliamentary Union, Geneva Centre, Democratic Control of Armed Forces, Geneva-Belgrade.

Radosavljević, D. (2011). *Savremeni politički i pravni sistemi.* Novi Sad: USEE Fakultet za pravne I poslovne studije.

Sarkesian, S.C. (1995). *US National Security,* 2nd ed. Lynne Rienner Publishers.

Steiner, J. (ed.). (1971). *Das politische System der Scweiz*. München: R. Piper & Co. Verlag.

Switzerland's Security (2017). Situation Report 2017 of the Federal Intelligence Service FIS.

White Paper on Neutrality Annex to the Report on Swiss Foreign Policy for the Nineties of 29 November 1993

Бакрески, О. (2018). *Безбедносни системи-компаративна анализа.* Скопје: Филозофски факултет, Скопје.

Websites

*A Short Paragraph of the History of Switzerland,* (2010) http://history-switzerland.geschichte-schweiz.ch/swiss-history-summary.html viewed: 21.4.2019

*Discover Switzerland, Geography,* (2017). https://www.eda.admin.ch/aboutswitzerland/en/home/umwelt/geografie.html, viewed: 23.4.2019

*History of Switzerland: Federal Constitution* 1848, (2010). http://history-switzerland.geschichte-schweiz.ch/switzerland-federal-constitution-1848.html viewed: 21.4.2019.

*Swiss Security Policy,* (2018). https://www.globalsecurity.org/military/world/-europe/ch-policy.htm viewed: 21.4.2019

*Swiss Security Policy*, DDPS, n.d. https://www.vbs.admin.ch/en/international-topics/security-policy.html viewed: 21.4.2019

*Switzerland – Country Profile,* (2019). https://www.nationsonline.org/oneworld-/switzerland.htm viewed: 21.4.2019

*Switzerland's Political System and Government,* (2019). http://swiss-government-politics.all-about-switzerland.info/ viewed: 21.4.2019

*The Federal Council* (2018). *Federal Constitution of the Swiss Confederation of 18 April 1999* (Status as of 23 September 2018). https://www.admin.ch/-opc/en/classified-compilation/19995395/index.html viewed: 21.4.2019

*The World Factbook: Switzerland,* (2019). https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/sz.html viewed: 21.4.2019